**ОПШТИНА РОСОМАН**
Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 04-907/1
11.12 2025 год.
РОСОМАН

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, усвоен од Влада на Република Северна Македонија, за Мерка 6. Програма за работно ангажирање - Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, на ден 11.12.2025 година, Општина Росоман објавува:

# Ј А В Е Н П О В И К

## до евидентирани невработени лица со ниски квалификации за вклучување во Програмата за работно ангажирање – Јавни работи

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица со ниски квалификации кои се заинтересирани да се вклучат во Програмата Јавни работи, за работно ангажирање со скратено работно време во времетраење од 30 (триесет) дена заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во просториите на Општина Росоман или во Агенцијата за вработување на РСМ – Центар за вработување Кавадарци.

Општина Росоман има потреба од ангажирање на 5 (пет) лица кои доброволно ќе ги извршуваат активностите:

1. Одржување на јавната чистота (која вклучува чистење на јавните површини (улици, тротоари, плоштади, спортски терени и терени со детски реквизити));
2. Одржување и уредување на зеленилото на јавните површини и паркови (наводнување, косење трева, поткастрување гранки); и
3. Подигање на нови зелени површини, засадување на нови садници.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата Јавни работи ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време од 20 (дваесет) работни часови неделно во времетраење од 30 (триесет) дена.

На невработените лица вклучени во Програмата за работно ангажирање - Јавни работи ќе им се исплаќа паричен надоместок во висина од 800 денари, дневно, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. На корисниците на парична помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на парична помош.

Право на учество во Програмата имаат сите невработени лица со ниски квалификации, активни баратели на работа. Заинтересираните невработени лица за учество во Програмата за работно ангажирање - Јавни работи поднесуваат Пријава за учество и копија од лична карта и трансакциона сметка во архивата на Општина Росоман или Агенцијата за вработување - Центар за вработување Кавадарци во периодот од 11.12.2025 година до 17.12.2025 година, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Росоман, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и ангажираното лице.

**Во Росоман на ден**
**11.12.2025 година**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**